BRIMA DOO
III Mak. Brigada 48 (Upravna zgrada Rade Koncar)
PO box 593, 1000 Skopje MACEDONIA
VAT No. MK 4030999372067
Tel/fax: ++389(02) 2461848
E-mail: office@brima.com.mk
Web: www.brima.com.mk

## ПРОЕКТ: OIL0317

# СТАВОВИ И МИСЛЕЊА НА ГРАЃАНИТЕ НА ОПШТИНА ИЛИНДЕН ПОВРЗАНИ СО ПРАШАЊА НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА

Prepared by TNS **BRIMA**
**Март 2017**

**- СОДРЖИНА**

1. ПЕРЦЕПЦИЈА НА ГРАЃАНИТЕ ЗА ПРОБЛЕМИТЕ НА ОПШТИНА ИЛИНДЕН

2. ЗАДОВОЛСТВО НА ГРАЃАНИТЕ ОД РАБОТАТА НА ЛОКАЛНАТА ВЛАСТ ВО ОПШТИНА ИЛИНДЕН

3. ИНФОРМИРАНОСТ И ИЗВОРИ НА ИНФОРМИРАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ ВО ОПШТИНА ИЛИНДЕН

4. НЕВРАБОТЕНОСТА , СЕМЕЈНИТЕ И ЛИЧНИ СОЦИОЕКОНОМСКИ ИМПЛИКАЦИИ И НАЧИНИТЕ ЗА СПРАВУВАЊА СО НЕА

5. РИЗИК ОД СИРОМАШТИЈА ВО ОПШТИНА ИЛИНДЕН

## - ВОВЕД

Оваа анализа се темели на резултатите добиени во пет теренски анкети спроведени во периодот од 2010 до 2017 година. Прашалникот за последната најнова анкета релизирана во март 2017 година е дизајниран со цел да се приберат податоци од истражувањето за битните параметри на јавното мислење во општина Илинден кои овозможуваат анализа на состојбите во општината на неколку нивоа:

- Анализа на динамичките промени на трендовите во расположенијата на јавноста во општина Илинден во периодот опфатен со истражувањата, со посебен осврт на последното истражување од март 2017 имајќи во предвид наближување на локалните избори а во период на една политичка пост изборна криза.
- Анализа на социоекономската положба на граѓаните на општина Илинден која се фокусираше на два аспекти – сиромаштијата и вработеноста - кои не само што се во меѓусебна интеракција и повратни влијанија еден врз друг туку и проценување на ефектот на нивното влијание врз вкупната социјална, економска и политичка клима во општината Илинден. Дел од прашањата беа насочени за евалуација на работата на општината а со цел за што поефикасно решавање на постојните проблеми со кои се соочуваат граѓаните и вработените во општината

Оваа анализа се темели на резултатите добиени во теренските анкети со репрезентативен примерок на граѓани од општина Илинден на возраст од 15+ години.

Првата анкета е спроведена од 26ти до 28ти ноември 2010 година во кои се опфатени 357 граѓани од општина Илинден.

Втората анкета е спроведена од 6ти до 8ми јули 2012 година во кои се опфатени 355 граѓани од општина Илинден.

Третата анкета е спроведена од 17ти до 20ми октомври 2013 година во кои се опфатени 355 граѓани од општина Илинден.

Четвртата анкета е спроведена од 11ти до 14ми октомври 2015 година во кои се опфатени 355 граѓани од општина Илинден.

Петтата анкета е спроведена од 27ми февруари до 03ти март 2017 во кои се опфатени 358 граѓани од општина Илинден.

Анкетарите во овие истражувања интервјуата ги спроведуваа во домовите на учесниците. Примерокот е репрезентативен за мислењето на граѓаните над 15 години и е показател за ставовите и размислувањата на социјалните, професионалните и возрасни групи на населението во општина Илинден.

Анализата претставува извор на информации за перцепцијата на граѓаните за низа важни прашања во општина Илинден за периодот во кој се спроведени анкетите.

Податоците во овие истражувања се претставени со графици и табели кои го отсликуваат јавното мислење во Општина Илинден. За одредени прашања, прикажани се и социо-демографски анализи според пол, образование, професионален статус на испитаниците итн. Читателот на овој текст треба да има предвид дека резултатите на ова истражување се проценки, при што релијабилноста варира во зависност од големината на примерокот. Така, на примерок од 358 анкетирани граѓани границите на сигурност се следните:

| **За податоци помеѓу** | 10% или 90% | 20% или 80% | 30% или 70% | 40% или 60% | 50% |
|---|---|---|---|---|---|
| **Отстапување** | ± 3,1% | ± 4,1% | ± 2,7% | ± 4,8% | ± 5,2% |

# 1. ПЕРЦЕПЦИЈА НА ГРАЃАНИТЕ ЗА ПРОБЛЕМИТЕ НА ОПШТИНА ИЛИНДЕН

## 1.1 Перцепција на најважните проблеми со кои се соочува општина Илинден

Перцепцијата на граѓаните на општина Илинден за најважните проблеми со кои се соочуваат во секојдневното живеење е извор на битни информации кои можат да помогнат во дефинирање на рационален план на приоритети во решавање на проблемите во рамки на реалните можности со кои располага општина Илинден.

Во следнава табела се прикажани најважните проблеми според процентот на граѓани кои ги наведуваат како најважни (можност за повеќе одговори).

**ТАБЕЛА 1**

| **Т1. Најважни проблеми со кои се соочува општината Илинден** | | **Број** | **% во колона** |
|---|---|---|---|
| Најважните проблеми со кои се соочува оптштина Илинден денес | Канализацијата | 213 | **60%** |
| | Атмосферска вода и отворени одводни канали | 209 | **58%** |
| | Невработеноста | 116 | **32%** |
| | Здравството | 114 | **32%** |
| | Одржување и изградба на локални патишта | 75 | **21%** |
| | Рамномерен развој во општината | 63 | 18% |
| | Јавниот превоз | 48 | 13% |
| | Екологијата | 38 | 11% |
| | Собирањето на ѓубрето, сметот | 34 | 9% |
| | Урбанизација на објекти односно легализација | 33 | 9% |
| | Локалниот економски развој | 29 | 8% |
| | Водоснабдувањето | 28 | 8% |
| | Јавното осветлување | 28 | 8% |
| | Снабдувањето со електрична енергија | 25 | 7% |
| | Општинската администрација | 19 | 5% |
| | Основното и средното образование во општината | 14 | 4% |
| | Јавната чистота | 14 | 4% |
| | Нема градинки | 6 | 2% |
| | Друго | 2 | 1% |
| | Не се вложува во спорт | 2 | 0% |
| | Пазар | 1 | 0% |
| | Старечки домови | 0 | 0% |
| | Не знае | 8 | 2% |
| | Тотал | 358 | 312% |

**Забелешка: примерокот е репрезентативен на ниво на општина Илинден и кај некои населени места/ села има мала статистичка маса и затоа резултатите треба да се прифатат само како индикатори за најважните проблеми**.

Во контекст на ова, продлабочената анализа ги издвојува најважните проблеми во следниве населени места според важноста (процента на жители кои ги истакнуваат):

| | с Мралино % | с.Марино % | с.Мршевци % | с.Миладиновци % | с.Илинден % | с.Бујковци % | с.Кадино % | Тотал % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Канализацијата | 55% | 36% | **92%** | **53%** | **67%** | **52%** | **86%** | **60%** |
| Атмосферска вода и отворени одводни канали | **79%** | 52% | 69% | **51%** | **68%** | 15% | **64%** | **58%** |
| Невработеноста | 20% | **54%** | **88%** | 14% | 20% | 10% | 38% | **32%** |
| Здравството | 6% | **64%** | 49% | 10% | 37% | | | **32%** |
| Одржување и изградба на локални патишта | **63%** | 23% | **77%** | 27% | 8% | 5% | 19% | **21%** |
| Јавниот превоз | 11% | 17% | **74%** | 18% | 9% | 7% | | **13%** |

Другите посочени проблеми се истакнати во помал процент.

Анализата на трендот на перцепцијата на најважните проблеми покажува дека на врвот на листата и понатаму се наоѓа проблемот со канализацијата. Како индикатор може да се посочат с.Мршевци и с.Кадино каде жителите на овие села во повисок процент го истакнуваат проблемот со канализацијата во однос на другите населени места (92% од жителите во с.Мршевци и 86% од жителите во с.Кадино).

Систематското и континуирано следење на расположенијата на граѓаните во општината покажува дека проблемот со канализацијата кој го наведуваат 73% анкетирани во 2010 г. се намалува на 60% во 2017г. но и понатаму за мнозинството граѓани тоа е еден од главните проблеми во општината

| **Т1. Најважни проблеми со кои се соочува општината Илинден** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2010 | 2012 | 2013 | 2015 | 2017 |
| **ТАБЕЛА 2** | % во колона | % во колона | % во колона | % во колона | % во колона |
| Канализацијата | 73% | 70% | 62% | 61% | 60% |
| Атмосфер. вода и отворени одводни канали | 67% | 36% | 43% | 51% | 58% |
| Одржување и изградба на локални патишта | 39% | 21% | 13% | 33% | ↘ 21% |
| Невработеноста | 51% | 28% | 34% | 19% | ↗ **32**% |
| Јавниот превоз | 19% | 10% | 8% | 17% | 13% |
| Рамномерен развој во општината | 8% | 3% | 4% | 14% | 18% |
| Јавното осветлување | 14% | 4% | 4% | 14% | ↘ **8%** |
| Здравството | 19% | 15% | 17% | 14% | ↗ **32%** |
| Екологијата | 18% | 11% | 12% | 12% | 11% |
| Локалниот економски развој | 7% | 2% | 1% | 11% | 8% |
| Нема проблеми | 1% | 2% | 1% | 2% | - |
| Не знае | - | - | 1% | 1% | 2% |

*База: СИТЕ ИСПИТАНИЦИ

Во 2017 споредбено со претходните истражувања се забележува подобрување на аспектот „Одржување и изградба на локални патишта“ односно постои намалување на процентот на жители кои го истакнуваат одржувањето и изградбата на локалните патишта како главен проблем и тоа од 33% во 2015 на 21% во 2017. Подобрување има и кај јавното осветлување (како главен проблем истакнато од 14% жители во 2015 на 8% во 2017)

Наспроти тоа невработеноста како главен проблем се исткнува од 32% во 2017 ( било 19% во 2015) како и во здравството (32% во 2017 наспроти 14% во 2015).

Забелешка: отворањето на нова амбуланта во с.Миладиновци (да се потсетиме: со добра медиумска промоција на која присуствуваа и премиерот Никола Груевски како и министерот Никола Тодоров) го актуелизира/ промовира решавањето на проблемот со здравството и можно е со ова да се потикнати аспирации и кај другите населени места па како важен проблем најмногу се истакнува во с.Марино (64%), а во нешто понизок процент во с.Мршевци и во с.Илинден.

Благ пораст (статистички не значаен во однос на 2015) е и проблемот со атмосферските води и отворените одводни канали. Имено како спонтани одговори се наведуваат одговори како што се „редовно да се чистат, се шири смрад“ и слично. Овој проблем е во групата „генерални/ општи“ проблеми независно што во овој период се превземени и се превземаат соодветни решенија (според отчетот на општината).

Анализата покажува дека има негативен тренд (подобрување) и во други области, но со помал опфат во популацијата, како што се: јавниот превоз, јавното осветлување и локалниот економски развој.

## 1.2 Перцепција на двата најважни проблеми со кои се соочува општина Илинден

Сама по себе проблематиката на идентификување на проблемите и нивното рангирање според важноста за нивното решавање е комплексен проблем кој е симултано детерминиран од повеќе фактори кои се во меѓусебна интеракција. Од испитаниците побаравме да ги наведат двата најважни проблеми при што треба да се изостави проблемот на невработеноста. Со поставување на тој услов создадовме околности вниманието на анкетираните граѓани да се фокусира на оние проблеми за кои општината има директни ингеренции и обврски да ги решава. Во таков склоп на перцепција ги елиминиравме факторите кои ја контаминираат перцепцијата која се формира под влијание на генералните проблеми во пошироката општествена заедница т.е. во земјата во целина.

И во тој контекст резултатите од истражувањето покажуваат дека доминантен проблем кој ги окупира граѓаните во општина Илинден е проблемот со канализацијата.

Листа на другите „два најважни проблеми“ (освен вработувањето) е дадена во следнава табела:

| **Т2. Кои се двата најголеми проблеми со кој се соочува општи- на Илинден (ако ја изоставиме невработеноста)?** | | **Број** | **%** |
|---|---|---|---|
| | Канализацијата | 183 | 51% |
| | Атмосферска вода и отворени одводни канали | 159 | 45% |
| | Здравството | 86 | 24% |
| | Одржување и изградба на локални патишта | 61 | 17% |
| | Рамномерен развој во општината | 30 | 8% |
| | Јавниот превоз | 28 | 8% |
| | Водоснабдувањето | 27 | 8% |
| | Собирањето на ѓубрето, сметот | 18 | 5% |
| | Екологијата | 16 | 5% |
| | Урбанизација на објекти односно легализација | 13 | 3% |
| | Јавната чистота | 9 | 3% |
| | Снабдувањето со електрична енергија | 9 | 2% |
| | Јавното осветлување | 8 | 2% |
| | Локалниот економски развој | 7 | 2% |
| | Нова градинка | 7 | 2% |
| | Општинската администрација | 3 | 1% |
| | Основното и средното образование во општината | 3 | 1% |
| | Нема проблеми | 2 | 1% |
| | Зелен пазар | 2 | 0% |
| | Друго | 1 | 0% |
| | Патека за пешачење, трчање | 0 | 0% |
| | Не знае | 5 | 1% |
| Тотал | | 358 | 188.6% |

Генерално, компаративната листа на „двата најважни“ проблеми (ТАБЕЛА 2) е со истите проблеми од 2010г до 2017г. но со одредени варијации кои се зависни и под влијание на други фактори. Треба да се истакне дека здравството во 2017 е на трето место по важност (во 2015 е на четврто место). Продлабочено проблемот во здравството најмногу се истакнува во с.Марино каде 49% го истакнуваат во „двата најважни проблеми“. Во 2017 на четврто место е одржувањето и изградбата на локалните патишта. Кај останатите 7 од прворангираните 10 проблеми има мали варијации на ниско ниво на опфат во населението во општината што индицира дека само помал број граѓани се афектирани од егзистенцијата на тие проблеми.

Канализацијата иако е на врвот на листата на „двата најважни проблеми “ забележува намалување во 2017 за 11 процентни поени (од 62% во 2015 на 51% во 2017).

| **Т2. Кои се двата најголеми проблеми со кој се соочува општи- на Илинден (ако ја изоставиме невработеноста)?** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2010 | 2012 | 2013 | 2015 | 2017 |
| **ТАБЕЛА 3** | % во колона | % во колона | % во колона | % во колона | % во колона |
| Канализацијата | 58% | 62% | 65% | 62% | ↘ **51%** |
| Атмосфер. вода и отворени одводни канали | 49% | 37% | 49% | 47% | 45% |
| Здравството | 11% | 13% | 18% | 10% | ↗ **24%** |
| Одржување и изградба на локални патишта | 24% | 19% | 11% | 26% | ↘ **17%** |
| Јавниот превоз | 10% | 10% | 7% | 10% | 8% |
| Рамномерен развој во општината | 1% | 4% | 4% | 8% | 8% |
| Јавното осветлување | 4% | 3% | 5% | 8% | 2% |
| Водоснабдувањето | 2% | 7% | 4% | 6% | 8% |
| Екологијата | 10% | 10% | 9% | 4% | 5% |
| Друго | 1% | 2% | 1% | 3% | 0% |
| Нема проблеми | 0% | 4% | 3% | 2% | 1% |
| Не знае | 4% | 8% | 5% | 2% | 2% |

*База: СИТЕ ИСПИТАНИЦИ

Кога ќе се изостави проблемот со невработеноста нема позначајни структурни промени во рангирањето на најголемите проблеми во општина Илинден - може да се заклучи дека се потврдува дека четирите прво рангирани проблеми имаат најголемо влијание на потенцијалното формирање на негативна клима во јавноста во општина Илинден во периодот 2010г.-2017г. и се во групата „генерални проблеми“. Другите проблеми се во помал процент со релативно мали варијации.

## 1.3 Приоритетна листа во решавањето на проблемите со кои се соочува општина Илинден

Дополнително, во истражувањето од 2012 година наваму во анкетата се поставува едно т.н. отворено прашање каде анкетираните имаат можност, спонтано според свое мислење, да посочат некој конкретен проблем (проект) што сметаат дека за кратко време може да се реши а е неопходно да се изведе од страна на надлежните од општината и кој ќе биде од големо значење за граѓаните на општина Илинден.

Спонтано споменатите проблеми за кои жителите мислат дека може да се решат во краток рок се сличните како и претходно испитуваните. Доминираат веќе споменатите четири „генерални проблеми“: Атмосферска вода и отворени одводни канали, Канализацијата, Здравството и Одржување и изградба на локални патишта.

Другите спонтани одговори се во помал процент но се индикатор (тригер) за посочување на некои нови проблеми (на пример: нема банка, не се вложува во спорт, нема аптеки, пазар...) (

| Спонтано споменатите проблеми за кои жителите мислат дека може да се решат во краток рок | | Број | % |
|---|---|---|---|
| Проблем што може да се реши во кратко време | **Атмосферска вода и отворени одводни канали** | **165** | **46%** |
| | **Канализацијата** | **128** | **36%** |
| | **Здравството** | **92** | **26%** |
| | **Одржување и изградба на локални патишта** | **50** | **14%** |
| | Јавниот превоз | 32 | 9% |
| | Невработеност | 29 | 8% |
| | Нема градинки | 17 | 5% |
| | Нема проблеми | 17 | 5% |
| | Екологијата | 15 | 4% |
| | Јавната чистота | 12 | 3% |
| | Снабдувањето со електрична енергија | 12 | 3% |
| | Урбанизација на објекти односно легализација | 11 | 3% |
| | Локалниот економски развој | 9 | 3% |
| | Водоснабдувањето | 9 | 2% |
| | Пешачки патеки (тротоари) | 8 | 2% |
| | Општо незадоволство | 5 | 1% |
| | Не за партиско вработување | 4 | 1% |
| | Нема осветлување | 4 | 1% |
| | Рамномерен развој во општината | 4 | 1% |
| | Не се вложува во спорт | 3 | 1% |
| | Нема банка | 3 | 1% |
| | Пазар | 2 | 1% |
| | Друго | 2 | 1% |
| | Основното и средното образование во општината | 2 | 1% |
| | Достапност до градоначалникот | 2 | 1% |
| | Нема аптеки | 1 | 0% |
| | Култура | 1 | 0% |
| | Старечки домови | 1 | 0% |
| | Безбедност на улиците | 1 | 0% |
| | Патеки за лица со попреченост | 0 | 0% |
| | Не знае | 4 | 1% |
| Тотал | | 358 | 181% |

Во периодот помеѓу 2012 и 2017 резултатите покажуваат дека местата на листата на приоритети за решавање на проблемите се променила. Во 2013 на прво место се искачил како приоритетен на проблем за решавање канализацијата и ако пред една година во 2012г. тој проблем бил скоро изедначен со проблемот на атмосверската вода и отворените одводни канали (види табела 3). Во 2013г. проблемот со канализацијата бил во двојно поголем процент апострофиран од граѓаните во 45%, во однос на 21% за атмосферската вода и одводните канали. Друга важна опсервација во однос на листата на приоритетни проблеми, кога компарацијата се прави во однос на трите последни истражувања, е таа дека и во трите истражувања првите три места се однесуваат на исти проблеми и второ останатите помеѓу десете прворангирани проблеми опфаќаат помалку од 1/5 од популацијата во општината. Тоа значи дека во овој период фокусот на вниманието е лоциран на првите три проблеми од листата. Од особена важност е да се истакне и фактот дека скоро секој петти (19% во 2015г.) анкетиран смета дека нема проблеми (или проекти) во општината коишто можат брзо да се решат.

| **Т3 Проблем (проект) што за кратко време може да се реши** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 2012 | 2013 | 2015 | 2017 |
| **ТАБЕЛА 4** | | % во колона | % во колона | % во колона | % во колона |
| Атмосферска вода и отворени одводни канали | | 34% | 21% | **37%** | ↗**46%** |
| Канализацијата | | 30% | 45% | **14%** | ↗**36%** |
| Здравството | | 16% | 6% | **6%** | ↗**26%** |
| Одржување и изградба на локални патишта | | 18% | 18% | 19% | 14% |
| Јавниот превоз | | 9% | 9% | 14% | 9% |
| Тротоари | | 2% | 5% | **11%** | ↘**2%** |
| Јавното осветлување | | 2% | 7% | 9% | 1% |
| Невработеност | | 12% | 13% | 5% | 8% |

*База: СИТЕ ИСПИТАНИЦИ

Решавањето на проблемот со атмосферска вода и отворени одводни канали како приоритет број еден кој "притиска" со потребата за негово ургентно решавање е веќе во неколку бранови истражувања посочен како прв приоритет. Видлив е пораст на процентот на жители кои го посочуваат овој проблем од бран во бран (21% во 2013; 37% во 2015 и 46% во 2017). Во 2017 повторно се актуелизира и проблемот со канализацијата. Продлабочената анлиза посочува кон следниве населени места / решавање на проблеми во краток рок:

- Атмосферска вода и отворени одводни канали: с. Миладиновци и с. Кадино
- Канализација: с. Бујковци
- Здравство: с. Марино
- Одржување и изградба на локални патишта: с. Мралино
- Јавниот превоз: с. Мршевци

Овие аспирации се со цел за подобро уредување на инфраструктурата и на извесен начин може и треба на нив да се гледа како на желба за подобро комунално уредување во општината.

## 2. ЗАДОВОЛСТВО НА ГРАЃАНИТЕ ОД РАБОТАТА НА ЛОКАЛНАТА ВЛАСТ ВО ОПШТИНА ИЛИНДЕН

### 2.1. Задоволство на граѓаните од работата на локалната власт на општина Илинден за пронаоѓање решенија во различи области од животот

Од теоретска перспектива степенот на задоволство во релациите помеѓу членовите на секоја заедница претставува клучна компонента која има битно влијание на цел спектар на фактори кои го одредуваат функционирањето на заедницата. Задоволството е премиса во зацврстувањето на довербата помеѓу луѓето и градењето трајни добри меѓучовечки односи. Потоа задоволството има влијание и врз нивото на мотивираноста и вклученоста во активностите на членовите на една заедница. Трето, задоволството ги одредува можностите на добрата организација на тој начин што задоволството покажува каде нема да се наиде на отпори и проблеми а незадоволството упатува каде да ги бараме отпорите и тешкотиите во организацијата во имплементација на плановите.

Гледано попрагматично информираноста за задоволството и незадоволството на членовите во една заедница во однос на најважните области со кои се занимава локалната власт и помага на истата рационално да ги насочува и искористува расположивите временски, кадровски и материјални ресурси со кои располага.

Со цел да го утврдиме задоволството на граѓаните од работата на локалната власт во Општина Илинден поставивме сет од 20 прашања (прашањето галасеше Колку сте задоволни или незадоволни од работата на локалната власт на општина Илинден за пронаоѓање решенија во последните две години за :соодветно наведена област ) кои ќе ни дадат информации во кои области и во кој степен граѓаните се задоволни или не од работата на локалните власти. Во понатамошната анализа ќе ги истакнеме најважните информации кои се добиени во рамките на овој сет на прашања.

| **Табела 5** Задоволство од: | Бран | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **2010** | **2012** | **2013** | **2015** | **2017** |
| Снабдување со електрична енергија | 72% | 83% | 81% | 89% | 87% |
| Водоснабдувањето | 91% | 84% | 87% | 88% | 84% |
| Собирањето на ѓубрето, сметот | 94% | 93% | 97% | 88% | 84% |
| Јавната чистота | 84% | 86% | 93% | 85% | 82% |
| Јавното осветлување | 81% | 80% | 80% | 66% | ↗81% |
| Основното и средното образование во општината | 70% | 86% | 91% | 81% | 77% |
| Јавниот превоз | 76% | 74% | 77% | 66% | ↗75% |
| Можности за културни и спортски активности | 78% | 88% | 91% | 73% | 73% |
| Урбанизација на објекти односно легализација | 63% | 74% | 77% | 71% | 68% |
| Екологијата | 63% | 67% | 69% | 54% | ↗ 64% |
| Оджување и изградба на локални патишта | 45% | 54% | 61% | 40% | ↗ 57% |
| Општинската администрација | 51% | 52% | 68% | 66% | ↘ 56% |
| Здравството | 74% | 65% | 60% | 64% | ↘53% |
| Локалниот економски развој | 64% | 68% | 81% | 62% | ↘52% |
| Отворање работни места во Општина Илинден | 33% | 39% | 61% | 45% | 43% |
| Обезбедување услуги за развој на земјоделието | 35% | 37% | 55% | 41% | 35% |
| Рамномерен развој во општината | 54% | 50% | 51% | 40% | ↘29% |
| Запознавање на граѓаните за трошењето на општинскиот буџет | 23% | 21% | 27% | 22% | 25% |
| Атмосферска вода и отворени одводни канали | 12% | 24% | 21% | 14% | 17% |
| Канализацијата | 16% | 16% | 16% | 9% | 16% |

Реализирајќи го истражувањето во повеќе бранови се отвара можност да го следиме трендот на промените на задоволството од на граѓаните за важните области од нивниот секојдневен живот.

Па така од горенаведената табела може да се забележат трендовите од бран во бран.

Додека во истражувањето од 2015 година во 16 од вкупно 20те области имаше опаѓање и само во една област од 20те имаше пораст во споредба со 2013 година, оваа година преку анализата на барометарот за задоволство се бележи пад во 5 од 20 области и пораст во 5 од 20 области. Во останатите 10 области се бележат благи незначителни порасти и падови. На пример ранг листата на барометарот за задоволството остана неизменета во првите четири места. На врвот како и претходно останаа снабдувањето со електрична енергија (87%), водоснабдувањето (84%), собирањето на ѓубрето и сметот (84%) и јавната чистота (82%).

Во продолжение следува подетална анализа на значителните позитивни и негативни промени.

Првите измени во ранг листата се воочуваат со значителниот пораст од 15 процентни поени на јавното осветлување од 66% во 2015, на 81% во 2017 година.

Друга промена е порастот на задоволството од јавниот превоз за 9 процентни поени, од 66% на 75%. Следниот значителен пораст од 10% се бележи во однос на областа Екологија

Најголем пораст на задоволството од 17 процентни поени се бележи во однос на одржувањето и изградбата на локалните патишта која од 40% во 2015 година се искачи на 57% во 2017 година.

Иако сеуште критична на дното од листата на задоволство канализацијата бележи пораст од 11 процентни поени од 9% во 2015 на 20% во 2017 година.

Во однос на значителните негативни измени забележан е пад од 10 процентни поени од 66% на 56% во задоволството од работата на општинската администрација. Во областа на здравството забележан е пад од 11 процентни поени од 64% на 53%.

Останати три сродни области кои бележат пад се задоволството од локалниот економски развој со пад од 10 процентни поени, задоволството од отварањето работни места во Општина Илинден, исто така со пад од од 10 процентни поени и задоволството од рамномерниот развој на сите засебни делови од општината со пад од 11 процентни поени.

| **Табела 6** Незадоволство од: | Бран | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2010 | 2012 | 2013 | 2015 | 2017 |
| Канализацијата | 84% | 85% | 84% | 91% | 84% |
| Атмосферска вода и отворени одводни канали | 87% | 73% | 78% | 86% | 83% |
| Запознавање на граѓаните за трошењето на општинскиот буџет | 87% | 73% | 78% | 86% | 75% |
| Рамномерен развој во општината | 54% | 46% | 39% | 60% | 71% |
| Обезбедување услуги за развој на земјоделието | 39% | 44% | 43% | 55% | 65% |
| Отворање работни места во Општина Илинден | 55% | 50% | 31% | 41% | 57% |
| Локалниот економски развој | 36% | 31% | 30% | 45% | 48% |
| Здравството | 51% | 45% | 29% | 42% | 47% |
| Општинската администрација | 55% | 50% | 31% | 41% | 44% |
| Оджување и изградба на локални патишта | 25% | 35% | 40% | 35% | 43% |
| Екологијата | 18% | 20% | 20% | 34% | 36% |
| Урбанизација на објекти односно легализација | 22% | 25% | 23% | 33% | 32% |
| Можности за културни и спортски активности | 30% | 26% | 15% | 32% | 27% |
| Јавниот превоз | 40% | 28% | 19% | 28% | 25% |
| Основното и средното образование во општината | 19% | 11% | 7% | 24% | 23% |
| Јавното осветлување | 27% | 18% | 14% | 21% | 19% |
| Јавната чистота | 36% | 33% | 17% | 21% | 18% |
| Собирањето на ѓубрето, сметот | 6% | 7% | 4% | 12% | 16% |
| Водоснабдувањето | 9% | 14% | 13% | 11% | 16% |
| Снабдување со електрична енергија | 29% | 17% | 19% | 11% | 13% |

Намената на оваа топ листа на незадоволството е преку индексот на задоволство, односно неговата инверзна функција - индексот на незадоволство, да укаже кои од областите кои ги засегаат граѓаните се најкритични, со други зборови кажано индексот потенцира на кои области треба да се обрне најголемо внимание.

Па како што може да се забележи незадоволството сеуште е највисоко во однос на проблемите со канализацијата која иако бележи благ пад на незадоволството повторно се наоѓа на прво место со (84%), втори на листата се атмосферските води и отворените одводни канали на второ место со (83%). Исто така иако со благ пад сеуште високо котира незадоволството на граѓаните поради незапознаеноста со начинот на трошењето на општинскиот буџет. Посебно внимание привлекува порастот на незадоволството од нерамномерноста во развојот на општината со пораст од 11 процентни поени 60% на 71%, со сличен пораст од 10 процентни поени е и областа „Обезбедување услуги за развој на земјоделието". Најголем пораст во незадоволството бележи областа: отварање работни места во Општината Илинден од 41% на 57%

Како генерален наод од овој сегмент може да се посочи фактот дека како и во претходниот дел на анализата посветена на главните проблеми во општината, така и тука постојано како најкритични се издвојуваат слични области. Па затоа заради широкиот опсег на граѓани кои се засегнати од состојбите во посочените области, истите претставуваат снажен генератор за формирање на негативна клима во општината и од таква гледна точка заслужуваат посебно внимание.

## 2.2. Мапа на успех во 2015 година од работата на локалната власт на општина Илинден за пронаоѓање решенија во различни области на животот во последните две години

Просечното агрегирано задоволство (многу задоволен + донекаде задоволен) од работата на локалната власт во општина Илинден овозможува формирање на мапа на успех за нејзината работа во пронаоѓањето решенија за проблемите од посочените 20 области на делување.

| **Табела 7** | **Мапа на успех компарирано 2015 во однос на 2017** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Област за која граѓаните го изразуваат степенот на задоволство од работата на локалната власт на општина Илинден за пронаоѓање решенија во последните две години | 2010 | 2012 | 2013 | 2015 | 2017 |
| Снабдување со електрична енергија | 72% | 83% | 81% | 89% | 87% |
| Водоснабдувањето | 91% | 84% | 87% | 88% | 84% |
| Собирањето на ѓубрето, сметот | 94% | 93% | 97% | 88% | 84% |
| Јавната чистота | 84% | 86% | 93% | 85% | 82% |
| Основното и средното образование во општината | 70% | 86% | 91% | 81% | 81% |
| Можности за културни и спортски активности | 78% | 88% | 91% | 73% | 77% |
| Урбанизација на објекти односно легализација | 63% | 74% | 77% | 71% | 75% |
| Јавниот превоз | 76% | 74% | 77% | 66% | 73% |
| Јавното осветлување | 81% | 80% | 80% | 66% | 68% |
| Општинската администрација | 51% | 52% | 68% | 66% | 64% |
| Здравството | 74% | 65% | 60% | 64% | 57% |
| Локалниот економски развој | 64% | 68% | 81% | 62% | 56% |
| Екологијата | 63% | 67% | 69% | 54% | 53% |
| Отворање работни места во Општина Илинден | 33% | 39% | 61% | 45% | 52% |
| Обезбедување услуги за развој на земјоделието | 35% | 37% | 55% | 41% | 43% |
| Рамномерен развој во општината | 54% | 50% | 51% | 40% | 35% |
| Одржување и изградба на локални патишта | 45% | 54% | 61% | 40% | 29% |
| Запознавање на граѓаните за трошењ на општин буџет | 23% | 21% | 27% | 22% | 25% |
| Атмосферска вода и отворени одводни канали | 12% | 24% | 21% | 14% | 17% |
| Канализацијата | 16% | 16% | 16% | 9% | 16% |
| **Вкупно просечно задоволство за сите 20 области** | 59% | 62% | 67% | 58% | 58% |

Просечниот успех (како средна вредност од задоволствата од сите 20 области за 2017 е на исто ниво како и во 2015 и изнесува 58%. Имајќи го во предвид продлабочувањето на политичката криза во последниве две години (која директно влијае и на социо-економскиот развој во општината како расположивите можности и ресурси на општината) севкупното просечно задоволство од работата на локалната власт на ниво од 2015г (58% задоволни) може да се протолкува како позитивен показател во корист на локалната власт.

Вариајциите во одредени категории – намалување или зголемување во рамките на одредена категорија посочува барање на нови и свежи идеи кои ќе влијаат на повеќе сегменти од јавноста да се уверат дека напорите на локалната власт се базира на потребите, барањата и очекувањата на граѓаните (во рамките на сегашните можности на локалната власт).

## 2.3. Доверба на граѓаните во органите на локалната власт на општина Илинден

### 2.3.1. Доверба на граѓаните на општина Илинден во градоначалникот Жика Стојановски

| **Табела 8** | **T10_1 Колку доверба имате или немате во: Градоначалникот на општина Илинден Жика Стојановски?** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2010 | 2012 | 2013 | 2015 | 2017 |
| | % во колона | % во колона | % во колона | % во колона | % во колона |
| Потполна доверба | 24% | 35% | 42% | 34% | 28% |
| Делумна доверба | 38% | 37% | 39% | 36% | 36% |
| Делумна недоверба | 13% | 7% | 8% | 11% | 15% |
| Потполна недоверба | 23% | 17% | 9% | 14% | 16% |
| Одбива да одговори | 0% | 1% | 0% | 2% | 1% |
| Не знае | 1% | 3% | 2% | 3% | 4% |
| Вкупно | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% |

Гледано ретроспективно довербата во градоначалникот на општина Илинден Жика Стојановски од првиот бран во 2010 година до третиот бран во 2013 бележеше постојан раст. Во првиот бран во 2010 изнесуваше 62%, во 2012 година 72%, додека во 2013 довербата била највисока со 81%. Од тогаш довербата бележи пад од 11 процентни поени, со што во 2015 изнесувала 70%. (агрегирано потполна доверба + делумна доверба).

Во најновото истражување довербата на граѓаните на општина Илинден во градоначалникот Жика Стојановски продолжила со трендот на опаѓање, но овојпат со незначителни 6 процентни поени кои од статистичка перспектива не се земаат како значајна промена.

Освен тоа доколку се земат во предвид бурните случувања во последните две години на политичката сцена во Македонија во кои имаше масовни падови во довербата на политичарите од актуелната власт, може со голема веројатност да се констатира дека довербата во градоначалникот Жика Стојановски не се има значајно изменето во последните две години.

## 2.3.2. Доверба на граѓаните во советот на општина Илинден

| Табела 9 | T10_2 Колку доверба имате или немате во: во советот на општина Илинден ? | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2010 | 2012 | 2013 | 2015 | 2017 |
| | % во колона | % во колона | % во колона | % во колона | % во колона |
| Потполна доверба | 16% | 17% | 28% | 24% | 16% |
| Делумна доверба | 33% | 31% | 38% | 33% | 31% |
| Делумна недоверба | 17% | 14% | 16% | 14% | 15% |
| Потполна недоверба | 26% | 18% | 9% | 19% | 18% |
| Одбива да одговори | 0% | 1% | 0% | 1% | 0% |
| Не знае | 8% | 20% | 9% | 9% | 20% |
| Вкупно | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% |

Кога станува збор за советот на општина Илинден се воочува сличен тренд со пораст во почетните бранови до 2013 година и потоа пад на довербата во последното истражување во 2015 година. Оваа година исто така е забележан пад од 10 процентни поени од 57% во 2015 на 47% оваа година.

## 2.3.3. Доверба на граѓаните во јавната администрација на општина Илинден

| Табела 10 | T10_3 Колку доверба имате или немате во: јавната администрација на општина Илинден ? | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2010 | 2012 | 2013 | 2015 | 2017 |
| | % во колона | % во колона | % во колона | % во колона | % во колона |
| Потполна доверба | 16% | 19% | 28% | 25% | 21% |
| Делумна доверба | 40% | 33% | 33% | 36% | 33% |
| Делумна недоверба | 13% | 13% | 19% | 16% | 17% |
| Потполна недоверба | 24% | 17% | 8% | 13% | 13% |
| Одбива да одговори | 0% | 1% | 0% | 1% | 16% |
| Не знае | 8% | 18% | 12% | 10% | 16% |
| Вкупно | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% |

Анализата на одговорите во однос на довербата кон Јавната администрација на општина Илинден покажува дека довербата кај анкетираните граѓани се нема значајно променето во последните 4 години.

Ако направиме краток преглед на резултатите од истражувањата, спроведени од 2010 до 2017, кои се однесуваат на довербата на граѓаните во органите на локалната власт можеме да констатираме дека постојано најголем број граѓани доверба изразуваат во градоначалникот Жика Стојановски. Оваа година доверба во градоначалникот изразиле 64% од граѓаните. На второ место на листата на доверба во органите на општината како и во предходните години се наоѓа јавната администрација на општина Илинден со 54% во 2017 година. На трето место на листата на доверба во органите на општината е советот на општината во кој доверба изразиле, 47% оваа година.

## 24. Задоволство  на граѓаните од органите на  локалната власт на општина Илинден

### 2.4.1. Задоволство  на граѓаните на општина Илинден од градоначалникот Жика Стојановски

| **Табела 11** | **T11_2 Колку сте задоволни од досегашната работа на: Градоначалникот на Општина Илинден Жика Стојановски** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2010 | 2012 | 2013 | 2015 | 2017 |
| | % во колона | % во колона | % во колона | % во колона | % во колона |
| Многу задоволен | | 36% | 43% | 31% | 30% |
| Донекаде задоволен | | 39% | 40% | 41% | 37% |
| Донекаде незадоволен | | 9% | 8% | 11% | 15% |
| Воопшто незадоволен | | 13% | 7% | 13% | 15% |
| Одбива да одговори | | 1% | | 1% | 1% |
| Не знае | | 3% | 1% | 4% | 1% |
| Вкупно | | 100% | 100% | 100% | 100% |

Во истражувањето спроведено во 2015 година, 72% од населението анкетирано во Општина Илинден истакнува дека е донекаде или е многу задоволно од досегашната работа на Градоначалникот на општината Жика Стојановски. Незадоволство (агрегирано) изразиле 24% Во истражувањето спроведено во 2017 година 67% се изјасниле дека се донекаде или се многу задоволни од досегашната работа на Градоначалникот на општината Жика Стојановски. Незадоволство агрегирано изразиле 30%. Задоволството и незадоволството од досегашната работа на градоначалникот помеѓу овие две истражувања се нема значително променето од претходниот бран.

### 2.4.2. Задоволство  на граѓаните на општина Илинден од Советот на општината

| **Табела 12** | **T11_1 Колку сте задоволни  или незадоволни од досегашната работа на:  Советот на Општина Илинден?** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2010 | 2012 | 2013 | 2015 | 2017 |
| | % во колона | % во колона | % во колона | % во колона | % во колона |
| Многу задоволен | | 15% | 28% | 23% | 16% |
| Донекаде задоволен | | 33% | 39% | 36% | 34% |
| Донекаде незадоволен | | 14% | 17% | 15% | 15% |
| Воопшто незадоволен | | 17% | 7% | 17% | 16% |
| Одбива да одговори | | 1% | | 0% | 0% |
| Не знае | | 21% | 9% | 9% | 20% |
| Вкупно | | 100% | 100% | 100% | 100% |

Во минатото истражување од 2015 година 59% од испитаниците се изјасниле како многу или донекаде задоволни од работата на Советот на општината, додека пак 32% истакнуваат дека се донекаде или воопшто не се задоволни од работата на Советот на општина Илинден.

Оваа година како многу или донекаде задоволни од работата на Советот на општината се изјасниле 50% од анкетираните, додека пак 31%  истакнуваат дека се донекаде или воопшто не се задоволни од работата на Советот на општина Илинден. Задоволството (агрегирано) од работата на Советот на општината  помеѓу овие две истражувања се намалило за 9 процентни поени додека незадоволството се нема променето. Во овој бран како и во бранот

од 2012 година една петина од анкетираните од испитаниците посочиле дека не знаат колку се задоволни или незадоволни, што укажува на фактот дека најверојатно не се доволно запознаени со работата на советот на општината Илинден.

## 2.4.3 Задоволство на граѓаните на општина Илинден од локалната администрација

| **Табела 13** | **Т11_3 Колку сте задоволни или незадоволни од досегашната работа на: Локалната администрација на Општина Илинден?** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2010 | 2012 | 2013 | 2015 | 2017 |
| | % во колона | % во колона | % во колона | % во колона | % во колона |
| Многу задоволен | | 18% | 27% | 23% | 20% |
| Донекаде задоволен | | 39% | 36% | 37% | 34% |
| Донекаде незадоволен | | 14% | 15% | 18% | 18% |
| Воопшто незадоволен | | 15% | 8% | 10% | 11% |
| Одбива да одговори | | 1% | | 1% | 0% |
| Не знае | | 14% | 14% | 11% | 17% |
| Вкупно | | 100% | 100% | 100% | 100% |

Во истражувањето од 2015 година 60% од испитаниците се изјасниле како многу или донекаде задоволни од работата на локалната администрација на Општина Илинден, додека пак 28% од граѓаните искажуваат незадоволство од досегашната работа на локалната администрација на општината.

Во истражувањето од 2017 година 54% од анкетираните граѓани се многу задоволни од работата на локалната администрација на Општина Илинден. Гледано агрегирано 29% од граѓаните искажуваат незадоволство од досегашната работа на локалната администрација на општината. Задоволството (агрегирано) од работата на администрацијата на општината помеѓу овие две истражувања се има незначително намалено од 6 процентни поени.

Гледајќи ги сите општински органи заедно на една ранг листа на задоволството од досегашната работа:

- На прво место е градоначалникот Жика Стојановски 67%,
- Потоа следи задоволството од јавната администрација 54% и
- Советот на општината 50%.

Од оваа кратка ранг листа се потврдува сознанието дека и во 2017 година како и пред две години мнозинството од анкетираните се задоволни од досегашната работа на општинските органи.

## 3. ИНФОРМИРАНОСТ И ИЗВОРИ НА ИНФОРМИРАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ ВО ОПШТИНА ИЛИНДЕН

### 3.1. Информираност за активностите и одлуките на градоначалникот на општина Илинден

| **T15a Дали сте доволно информиран за активностите и одлуките на градоначалникот на општина Илинден** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 2012 | 2013 | 2015 | 2017 |
| **ТАБЕЛА 15** | | % во колона | % во колона | % во колона | % во колона |
| Да доволно сум информиран | | 11% | 19% | 16% | 20% |
| Делумно сум информиран | | 36% | 36% | 42% | 41% |
| Воопшто не сум информиран | | 42% | 29% | 30% | ↘ **21%** |
| Не сум заинтересиран за овие информации | | 11% | 13% | 12% | 15% |
| Не знае | | 1% | 3% | 0% | 3% |
| | | 100% | 100% | 100% | 100% |

*База: СИТЕ ИСПИТАНИЦИ

Резултатите од истражувањето во 2017г. покажуваат благ пораст на процентот на „доволно информирани“ (20%) односно 61% во кумулатив од категориите „доволно “ и „делумно“.

Процентот на „воопшто не сум информиран“ во 2017 е намален. Генерално , трендот на овој параметар „информираност“ е во насока на намалување на процентот на неинфромирани граѓани споредувајќи ги резулатите од 2012 до 2017.

Опсегот на процентот на граѓани во категорија „не сум заинтересиран за овие информации“ во периодот 2012-2017 е на ниво од 11%-15% со благи варијации.

Вкупниот ефект на овие динамички промени укажува генерален правец на зголемување на бројот на информирани граѓани за активностите и одлуките на градоначалникот (агрегирано доволно и делумно информиран).

### 3.2. Информираност за активностите и одлуките на Советот на општина Илинден

| **T15b Дали сте доволно информиран за активностите и одлуките на Советот на општина Илинден?** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 2012 | 2013 | 2015 | 2017 |
| **ТАБЕЛА 16** | | % во колона | % во колона | % во колона | % во колона |
| Да доволно сум информиран | | 7% | 18% | 14% | 18% |
| Делумно сум информиран | | 34% | 31% | 36% | 32% |
| Воопшто не сум информиран | | 45% | 35% | 35% | ↘ **27%** |
| Не сум заинтересиран за овие информации | | 13% | 13% | 13% | 17% |
| Не знае | | 2% | 4% | 2% | 6% |
| | | 100% | 100% | 100% | 100% |

*База: СИТЕ ИСПИТАНИЦИ

Во 2017 има намалување на процентот на граѓани кои „воопшто не се информирани од 35% во 2015 на 27% во 2017.

Процентот на „воопшто не сум заинтересиран“ е со несигнификантни варијации од

2012г. – 2015г. и е во опсег од 13%-17%.

Неинформираните: агрегација на одговори: „Воопшто не сум информиран„ + „Не сум заинтересиран за овие информации" + „Не знае„ покажува тренд на намалување односно од година во година се намалува: 60% во 2012г.; 52% во 2013; 50% во 2015 и 50% во 2017 но повторно треба да акцентираме дека во 2017 процентот на „воопшто не сум информиран" е намален на 27%.

## 3.3. Извори на информации за одлуките на градоначалникот и Советот на општина Илинден

**Т16 Од каде добивате информации за одлуките на вашиот градоначалник и советот на општината?**

| **ТАБЕЛА 17** | 2010 % во колона | 2012 % во колона | 2013 % во колона | 2015 % во колона | 2017 % во колона |
|---|---|---|---|---|---|
| Соседи, пријатели и др | 26% | 5% | 17% | 34% ↔ | **43%** |
| Општински весник | 31% | 31% | 35% | 31% ↔ | **43%** |
| Интернет | 6% | 4% | 17% | 15% | 15% |
| Средби со членовите на локалната власт | 7% | 5% | 5% | 12% | 14% |
| Брошури | 10% | 10% | 9% | 15% | 12% |
| Средби со градоначалникот | | 22% | 5% | 3% ↔ | **9%** |
| Огласна табла во општината | 10% | 2% | 4% | 9% | 7% |
| Јавни форуми или состаноци на граѓани | 3% | 1% | 3% | 4% | 4% |
| Локална телевизија | 8% | 8% | 6% | 5% | 3% |
| НВО (невладини организации) или општински групи на граѓани | 0% | 1% | 1% | 0% | 1% |
| Друго | 1% | | 0% | 0% | 0% |
| Кумулатив: Не сум заинтересиран за овие информации/ не сум информиран | 53 | 51 | 41 | 42 | 37 |
| Вкупно | 155% | 142% | 144% | 170% | 204% |

*База: СИТЕ ИСПИТАНИЦИ

Споредбено со 2015г. во 2017г. се зголемува интересот за случувањата во општината. Жителите во повисок процент дискутираат и споделуваат информации за активностите и одлуктите на градоначалникот и советот на општината.

Трендот на категориите „Не сум заинтересиран" и „Не сум информиран" од година во година се намалува и во 2017 изнесува 37% што е еден показател за зголемен интерес на жителите на општината за случувањата во врска со нивниот живот и проблеми кои директно ги засегаат. Па така зголемен е процентот на граѓани кои меѓусебно разменуваат информации односно добивање на информации од „неформални извори" (34% во 2015 и 43% во 2017 ) но и од општинскиот весник кој е посочен од 43% од жителите ( било 31% во 2015).

Интернетот и средби со членови на локалната власт се на ниво од 2015 г.

Зголемен е процентот на граѓани кои ги истакнуваат директните средби со градоначалникот Жика Стојановски во врска со решавање на проблеми од секојдневните проблеви во врска со животот во општината (од 3% во 2015 на 9% во 2017).

Сепак треба да се има во предвид дека заинтересираноста за случувањата (читај потреба за информации) во општината е динамички параметар кој зависи од период до период. Има години кога некои извори повеќе се користат и има години кога тие исти извори помалку се користат Во одреден период како на пример период пред избори или пуштање на некој витален објект или реализација на позначајна активност во општината заинтерсираноста кај жителите е во пораст во однос на „обични" периоди иако активноста на општината била со свое вообичаено темпо на реализација на зацртани активности.

Заклучно, анализата на податоците на користењето на извори на информации за одлуките и активностите на градоначалникот и советот покажува значителен напредок во информирањето на граѓаните на општина Илинден во периодот од 2010 наваму..

## 4. НЕВРАБОТЕНОСТА , СЕМЕЈНИТЕ И ЛИЧНИ СОЦИОЕКОНОМСКИ ИМПЛИКАЦИИ И НАЧИНИТЕ ЗА СПРАВУВАЊА СО НЕА

### 4.1. Невработеноста во семејствата

| **Т20 Дали во Вашето семејство има невработени кои се пријавени во Агенцијата за вработување?** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2010 | 2012 | 2013 | 2015 | 2017 |
| **ТАБЕЛА 21** | % во колона | % во колона | % во колона | % во колона | % во колона |
| Да, јас лично | 27% | 19% | 28% | 27% | 24% |
| Да има други членови | 38% | 29% | 25% | 24% | 21% |
| Во нашето семејство нема невработени | 46% | 55% | 54% | 53% | ↘ **60%** |
| Вкупно | 111% | 103% | 107% | 104% | 105% |

*База: СИТЕ ИСПИТАНИЦИ

Следејќи ги динамичните промени на параметрите кои ја одсликуваат ситуацијата на невработеноста во истражувањето во 2017 е детектирано благо подобрување односно благ пораст на процентот на одговорот „Во нашето семејство нема невработени" за 7 процентни поени (од 53% во 2015 на 60% во 2017). Познато е дека невработеноста е главниот проблем на ниво на целата држава, политичката криза се одразува и на странски инвестиции посебно во оваа општина во која се и слободните индустриски зони така што овој благ пораст може да се смета за охрабрувачки.

Стабилноста на овој индикатор (вклучувајќи го и подобрувањето во 2017) укажува дека по 2010 година настанала одржлива промена во насока на зголемување за најмалку 10 процентни поени во насока на зголемување на бројот на семејствата без невработени.

Анализата на структурата на семејствата во кои има барем еден невработен член од семејството покажува дека во најголем број се семејствата кои имаат по еден невработен член и нивниот број варира во опсет од 57% во 2013 до 69% во 2015 г. а во 2017 изнесува 64%.

| **T21b Колку невработени членови има во Вашето семејство вклушувајќи ве и Вас?** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2010 | 2012 | 2013 | 2015 | 2017 |
| **ТАБЕЛА 22** | % во колона | % во колона | % во колона | % во колона | % во колона |
| Семејства со 1 невработен член | 68% | 68% | 57% | 69% | 64% |
| Семејства со 2 невработен член | 28% | 21% | 30% | 24% | 28% |
| Семејства со 3 невработен член | 3% | 9% | 10% | 4% | 6% |
| Семејства со 4 и повеќе невраб. члена | 1% | 3% | 3% | 3% | 1% |
| Вкупно | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% |

*База: СИТЕ ИСПИТАНИЦИ

Социјалната и материјалната состојба во семејствата во кои има повеќе од еден невработен член во семејствата е потешка отколку во семејствата со само еден невработен член. Податоците од истражувањата покажуваат дека овој кумулатив (невработени 2 члена +3 члена +4 или повеќе членови) е во опсег од 32% во 2010г. до 43% во 2013г. Во

истражувањето во 2017 овој процент изнесува 35% (некаде во средина на дијапазонот на оваа динамика).

## 4.2. Структура на граѓаните во општина Илинден според работниот статус

| Т30 (Работен статус): Дали сте:...? | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2013 | 2015 | 2017 |
| **ТАБЕЛА 23** | | | % во колона | % во колона | % во колона |
| Вработен со полно работно време | | | 33% | 38% | 38% |
| Вработен со скратено работно време/хонорарно | | | 1% | 0% | 1% |
| Невработен помалку од 12 месеци | | | 5% | 4% | 3% |
| Невработен 12 месеци или повеќе | | | 25% | 24% | 21% |
| Не е во состо. да раб. поради долгогод. болест или инвалидитет | | | 1% | 0% | 1% |
| Пензионер | | | 19% | 19% | 21% |
| Домаќинка (одговорна за купување и грижа за домот) | | | 7% | 6% | 4% |
| Ученик/студент | | | 10% | 9% | 12% |
| Друго | | | 0% | 0% | 0% |
| Вкупно | | | 100% | 100% | 100% |

*База: СИТЕ ИСПИТАНИЦИ

Анализата на трендот на работниот статус на граѓаните е со благо подобрување во повеќе категории (или со други зборови кажано во дијапазон без драстични промени) па така:

- Вработени со полно работно време во 2013 се 33% а во 2017 на ниво од 2015 (38%)
- Невработени повеќе од 12 месеци бележи пад од 25% во 2013 на 21% во 2017
- Бројот на домаќинки (читај „невработени“) бележи благо намалување од 7% во 2013 на 4% во 2017

Овие благи промени генерално се со позитивен тренд кога е во прашање вработувањето во општина Илинден посебно во ситуација на политичка криза во последниве години која секако има значаен негативен импакт во економската сфера.

## 4.3. Колку од невработените активно бараат работа

| **Табела 24** **Т31 Дали барате работа?** | 2013 | | 2015 | | 2017 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | N= | % | N= | % | N= | % |
| Да | 89 | 85% | 70 | 71% | 89 | 71% |
| Не | 15 | 15% | 29 | 29% | 15 | 29% |
| Вкупно | 104 | 100% | 99 | 100% | 104 | 100% |

*База Анкетираните кои на прашањето за нивниот работен ста тус изјавиле дека се невработени и пријавени во Агенцијата за вработување

Во 2017г од анкетираните декларирани како невработени, скоро две третини (71%) бараат работа што е на исто процентуално ниво како и во 2015г..

## 4.4. Начини на кои невработените бараат работа

| **Табела 25**<br>**Т32 Како невработен, досега на кои начини сте барале работа?** | 2013 | | 2015 | | 2017 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | N= | % | N= | % | N= | % |
| Контактирање со јавното биро за вработување | 19 | 21% | 26 | 38% | 45 | ↗ **64%** |
| Контактирање со приватна агенција за вработување | 12 | 13% | 18 | 27% | 15 | 21% |
| Директно обракање на работодавци- фирми | 22 | 25% | 23 | 33% | 21 | 30% |
| Директно обракање во локалната самоуправа- градоначалник | 15 | 17% | 13 | 19% | 17 | 24% |
| Прашување пријатели, роднини или други контакти | 35 | 40% | 49 | 71% | 43 | ↘ **62%** |
| Огласување во весници, списанија, Интернет | 33 | 38% | 26 | 37% | 31 | 44% |
| Следење на огласи во весници, списанија, Интернет | 42 | 48% | 38 | 55% | 33 | 46% |
| Присуствување на тестирање за работа/интервјуа за работа | 4 | 5% | 3 | 5% | 14 | ↗ **20%** |
| Барање на земја, опрема за отпочнување на сопствен бизнис | 1 | 1% | 1 | 2% | 5 | ↗ **7%** |
| Бара на дозвол, лиценци или финанс сред за отпоч на сопствен бизнис | 2 | 2% | - | - | 2 | 3% |
| Чекање на повик од јавното биро за вработување | 20 | 23% | 18 | 26% | 14 | 20% |
| Вкупно | 89 | 232% | 70 | 311% | 70 | 342% |

*База Анкетираните кои на прашањето за нивниот работен статус изјавиле дека се невработени и пријавени во Агенцијата за вработување

Споредбено со претходните години невработените кои бараат работа во повисок процент се обраќаат до јавното биро за вработување (пораст од 38% во 2015 на 64% во 2017). Од друга страна се намалува барање на работа преку прашување пријатели, роднини и други контакти. Благ пораст има и до категоријата „Директно обраќање во локалната самоуправа - градоначалникот“. Порастот на процентот на невработени кои се обраќаат до локалната власт / агенцијата за вработување може да се протолкува како знак дека невработените покажуваат доверба кон заедницата дека ќе им помогне да го решат нивниот проблем со невработеност.

Благ пораст во 2017 е и кај следниве начини на барање работа:

- Огласување во весници, списанија, интернет
- Присуствување на тестирање/ интервјуа за работа
- Барање на земја, опрема за отпочнување на сопствен бизнис

Треба да се забележи дека современите трендови за начини на вработувања (интервјуа, тестирања, бироа за вработувања) стануваат поактуелни и се прифаќаат од невработените за разлика на пример од начинот „Преку пријатели, роднини, други контакти“ - намалување во оваа категорија од 71% во 2015 на 62% во 2017.

Ангажираноста во настојувањата на невработените да го решат својот проблем на невработеност се гледа и преку следниве показатели: во просек во 2013 се споменати 2.32 начина на барање работа, во 2015 се споменати во просек 3.11 начина а во 2017 се споменати 3.42 начина на барање работа.

## 4.5. Подготвеност на невработените да прифатат решенија за вработување

| **Табела 26**<br>**Т33 Како невработен дали би биле подготвени да направите** | 2013 | | 2015 | | 2017 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | N= | % | N= | % | N= | |
| Да посетувате курс за преквалификација (за др занимање) | 36 | 35% | 20 | 21% | 25 | **30**% |
| Да се преселите и да живеете во друго место заради работата | 3 | 2% | 3 | 3% | 9 | **11%** |
| Да прифатите пониско платена работа | 28 | 27% | 15 | 16% | 11 | 13% |
| Да прифатите пониско квалификувана работа | 15 | 15% | 16 | 16% | 9 | 10% |
| Да се преселите од земјата (емигрирате) | 21 | 20% | 28 | 28% | 16 | **18%** |
| Друго | 3 | 3% | 4 | 4% | 9 | 10% |
| Ништо/не барам работа | 18 | 18% | 28 | 28% | 26 | 30% |
| Вкупно | 104 | 120% | 99 | 116% | 85 | 122% |

Од истражувањето во 2017 резултатите покажуваат дека околу една третина (30%) од невработените кои активно бараат работа се спремни за преквалификација (било 21% во 2015). Благ пораст (за 8 процентни поени во однос на 2015) има во спремноста на невработените да се преселат и да живеат во друго место: Истовремено мора да се спомене и намалувањето за 10 процентни поени во категоријата „да се преселите од земјата (да емиграте)“ (28% во 2015 на 18% во 2017) кој е варијабилен во последните неколку години (бележи пораст и пад и е во опсег 28% во 2015г до 18% во 2017)

## 4.6. Информираност за можностите за вработувања во општина Илинден

| **Табела 27**<br>**Т29 Дали сметате дека сте соодветно информирани за можностите за вработување во Вашата општина/во државата?** | 2013 | | 2015 | | 2017 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | N= | % | N= | % | N= | % |
| Да | 130 | 37% | 105 | 29% | 158 | **42%** |
| Не | 210 | 59% | 237 | 67% | 177 | 49% |
| Не знае | 15 | 4% | 14 | 4% | 27 | 8% |
| Вкупно | 355 | 100% | 355 | 100% | 358 | 100% |

*База: СИТЕ ИСПИТАНИЦИ

Во 2017 резултатите од истражувањето покажуваат дека е зголемен процентот на граѓани кои сметаат дека соодветно се информирани за можностите за вработување во општина Илинден односно во државата.

Сепак мора да се каже дека е неопходно да се посвети внимание на информирањето и запознавањето со можностите за вработување кои стојат на располагање како важен сегменто од активностите на локалната власт.

## 5. РИЗИК ОД СИРОМАШТИЈА ВО ОПШТИНА ИЛИНДЕН

### 5.1 Материјална депривација (лишеност) во домаќинствата во општина Илинден

**Т35 Според вас, кои од подолу наведените работи можете или не можете да си ги дозволите во Вашето домаќинство?**

| ТАБЕЛА 28 | 2013 | | 2015 | | 2017 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | можеме | неможеме | можеме | неможеме | можеме | неможеме |
| | % во ред | % во ред | % во ред | % во ред | % во ред | % во ред |
| Редовно да ја плаќате киријата или сметките за струја, вода и сл. | 74% | 26% | 70% | 31% | 79% | 21% |
| Да ја одржувате температурата во целиот дом на потребното ниво | 58% | 42% | 54% | 46% | 67% | ↘ 33% |
| Можете да излезете накрај со неочекувани трошоци | 34% | 66% | 27% | 73% | 30% | 70% |
| Да јадете месо, риба, или некој друг протеински еквивалент, секој втор ден | 40% | 60% | 41% | 59% | 54% | ↘ 46% |
| Еднаш годишно да одите на еднонеделен одмор надвор од вашиот дом | 41% | 59% | 33% | 67% | 39% | 61% |
| Да имате кола | 64% | 36% | 59% | 42% | 62% | 38% |
| Да имате машина за перење | 90% | 10% | 91% | 9% | 6% | 4% |
| Да имате Plasma/ LCD или LED (плазма, ел-це-де или лед) телевизор | 33% | 67% | 60% | 41% | 91% | 9% |
| Да имате телефон (мобилен или фиксен) | 87% | 13% | 94% | 7% | 94% | 6% |

*База: СИТЕ ИСПИТАНИЦИ

Во студиите за сиромаштијата и социјалната исклученост семејствата се изложени на еден од трите ризици: ризик од депривација т.е. ризик од материјална лишеност, ризик од сиромаштија и ризик од невработеност. Со скалата што ја применивме во истражувањето од 2013 година наваму, ја мериме материјалната депривација во семејствата во општина Илинден. Според скалата за задоволување на 9 егзистенцијални потреби наведени во скалата се смета дека домаќинството е изложено на материјална депривација (лишеност) доколку не може да задоволи 4 или повеќе егзистенцијални потреби.

Во табела 28 се прикажани егзистенцијалните потреби кој во најголем процент не се задоволени (изразени како процент на домаќинства), а во табела 29 е даден процентот на домаќинства кои се во материјална депривација. Овој процент е намален во 2017 и тоа од 54% во 2015 на 41% во 2017.

| **Табела 29** **Материјална депривација (лишеност) на домаќинството** | 2013 | 2015 | 2017 |
|---|---|---|---|
| | % | % | % |
| Материјално не е депривирано (лишено) | 45% | 46% | 59% |
| **Материјално депривирано (лишено)** | **55%** | **54%** | ↘ **41%** |
| Вкупно | 100% | 100% | 100% |

*База: СИТЕ ИСПИТАНИЦИ

Продлабочената анализа покажува дека во материјална депривација во повисок процент се домаќнствата од с.Мршевци (65%), потоа од с.Марино (59%) итн. Да се потсетиме дека овие резултати од оваа продлабочена анализа треба да се прифатат само како индикатори заради малата статистичка маса во репрезентативниот примерок.

И во овој бран во највисок процент домаќинствата не може да се справат со неочекувани трошоци (70%) како и тоа да еднаш годишно одат на еднонеделен одмор надвор од нивниот дом (61%). Намалување за 13 процентни поени има кај категоријата „Да јадете месо, риба, или некој друг протеински еквивалент, секој втор ден “ и тоа од 59% во 2015 на 46% во 2017. Слично намалување од 13 процентни поени е и кај категоријата „ Да ја одржувате температурата во целиот дом на потребното ниво“.Категориите „ Да имате Плазма/ ЛЦД телевизор“ како „Да имате мобилен телефон“ не се дискутирани со оглед на фактот што овие електронски уреди доживуваат драстичен пад во цените во последниве неколку години.

| **Табела 30** **Според Вас , која е причината заради која Вашето домаќинство не може да си ги дозволи претходно наведените работи?** | **2013** | | **2015** | | **2017** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | N= | % | N= | % | N= | % |
| Заради финансиска неможност | 268 | **88%** | 268 | **90%** | 251 | **86%** |
| Не сакаме/ не ни е потребно | 37 | 12% | 26 | 9% | 35 | 12% |
| Друго | | | 3 | 1% | 5 | 2% |
| Вкупно | 305 | 100% | 296 | 100% | 290 | 100% |

*База испитаниците кои на било кое прашање на скалата за депривација одговориле дека неможат да задоволат некоја потреба

Со благи варијации од 88% во 2013, 90% во 2015 и 86% во 2017 како главна причина заради која домаќинствата не можат да ги задоволат своите потреби се истакнува недостатокот на финансиски средства.

12% од овие испитаници наведуваат дека немаат потреба/ не сакаат одредени работи од листата на потребите наведени во скалата за мерење на материјалната лишеност.

## <u>5.2. Колку приходите на семејствата во општина Илинден обезбедуваат пристоен животен стандард</u>

| **Табела 31** **Т37 Дали постојните приходи му обезбедуваат пристоен животен стандард на Вашето домаќинство?** | 2013 | 2015 | 2017 |
|---|---|---|---|
| | % | % | % |
| Да | 51% | 44% | 53% |
| Не | 49% | 56% | 47% |
| Вкупно | 100% | 100% | 100% |

*База: СИТЕ ИСПИТАНИЦИ

Во 2017 е зголемен процентот на домаќинства кои изјавуваат дека постојните приходи им обезбедуваат пристоен животен стандард.

Продлабочената анализа покажува дека во овторно продлабо

Како индикатор, продлабочената анализа покажува дека во повисок процент

домаќнствата од с.Мршевци (84%) и од с.Марино (67%) со постојните приходи не можат да обезбедат пристоен живот.

## 5.3. Дополнителна и повремена работа

| **Табела 32**<br>**Т28 Дали работите повремено (за невработените) или дополнително работно време (за вработените) за да го надополните Вашиот семеен буџет?** | 2013<br>% | 2015<br>% | 2017<br>% |
|---|---|---|---|
| Да | 24% | 19% | **17%** |
| Не | 72% | 72% | 76% |
| Повремено | | 9% | 6% |
| Одбива да одговори | 3% | 0% | 1% |
| Вкупно | 100% | 100% | 100% |

*База: СИТЕ ИСПИТАНИЦИ

Во овој контекст на релации помеѓу приходите, стилот на живеење и ризиците од изложеноста на материјална лишеност и ризик од сиромаштија важен индикатор претставува одговорот на прашањето колку од граѓаните дополнително работат за да го надополнат семејниот буџет. Резултатите од трите брана 2013,2015 и 2017) покажуваат благ пад во процентот на испитаници кои дополнително работат за да го дополнат семејниот буџет (од 24% во 2013, на 19% во 2015 и 17% во 2017)

Овој тренд на намалување на потребата од дополнителна работа е охрабрувачки но сепак фактички на околу 20% од жителите во општина Илинден животот им наметнува потреба да најдат начин како да го надополнат семејниот буџет со дополнителна или повремена работа.

## 5.4. Изложеност на ризик од сиромаштија на семејствата во општина Илинден

Применувајќи го алгоритмот на модифицирана OECD скала со соодветно пондерирање на членовите на домаќинството (и нивната возраст) и во релација со вкупните приходи во домаќинството се пресметува т.н. ризик од сиромаштија односно дали домаќинството е во ризик од сиромаштија или не е во ризик од сиромаштија.

| **Домаќинство и ризик од сиромаштијата** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2010 | 2012 | 2013 | 2015 | 2017 |
| **Табела 33** | % во колона | % во колона | % во колона | % во колона | % во колона |
| Во ризик од сиромаштија | 20% | 19% | 20% | 14% | 16% |
| Не е во ризик од сиромаштија | 81% | 81% | 80% | 36% | 84% |
| Вкупно | 100% | 100% | 100% | 35% | 100% |

*База: СИТЕ ИСПИТАНИЦИ

Резултатите од истражувањата од сите истражувања (2010, 2012,2013,2015 и 2017) со благи варијации генерално покажуваат благ тренд на намалување на процентот на домаќинства кои се во ризик од сиромаштија .

Во 2017 година 16% од домаќинствата во општина Илинден се во категоријата „домаќинство во ризик од сиромаштија“ што е мал пораст (2 процентни поени) во однос на

2015г.

**Релација** – домаќинство во ризик од сиромаштија и домаќинство во материјална депривација




*База: СИТЕ ИСПИТАНИЦИ

**Легенда:**

**A=** Домаќинството е во материјална депривација (41%)
**B =** Домаќинството е во ризик од сиромаштија (16%)
**AB =** Домаќинството е и во ризик од сиромаштија и во материјална депривација (3%)

Дополнителна анализа е да се види релацијата помеѓу процентот на домаќинства кои се и во материјална депривација и во ризик од сиромаштија. Анализата на податоците од истражувањето во 2017г. покажува дека 3% од сите домаќинства во општина Илинден се и во ризик од сиромаштија и во материјална депривација (лишеност)

## 5.5. Животот во општина Илинден

Во овој бран ги запрашавме испитаниците неколку прашања во врска со животот во општина Илинден денес во однос на претходните години како и споредено во однос на животот во други општини врз основа на нивните сознанија/ информираност односно прашања за генералната перцепција на својата општина.

Па така на прашањето дали гледано десет години наназад, развојот на опшина Илинден е подобар, скоро ист или полош отколку пред десет години скоро две третини (63%) изјавуваат дека животот во општина Илинден е подобар, една четвртина (25%) дека е скоро ист и 7% дека е полош.

Со цел да се согледа колку е тоа „подобро“ како продолжение на ова прашање испитаниците се запрашани дали споредено со некоја општина слична на општината која тие ја познаваате, сметаат дека состојбата на опшина Илинден е подобра, скоро иста или полоша?

| **Т23.** Споредено со некоја општина слична на општина Илинден која Вие ја знаете, дали сметате дека состојбата на опшина Илинден е подобра, скоро иста или полоша | | Фреквенција | % |
|---|---|---|---|
| | Подобара | 188 | 52 |
| | Скоро иста | 115 | 32 |
| | Полоша | 21 | 6 |
| | Одбива да одговори | 1 | 0 |
| | Не знае | 33 | 9 |
| | Тотал | 358 | 100% |

Половина (52%) изјавуваат дека состојбата во општина Илинден е подобра од некоја слична општина што тие ја знаат, една третина (32%) дека е скоро иста. 6% сметаат дека

животот во општина Илинден е полош од други општини.

Продлабочената анализа по населени места (како индикатор) покажува дека кај повеќето населени места преовладува позитивна перцепција дека животот во општина Илинден е подобар во однос на други општини. Исклучот се испитаниците во с.Мршевци кои во понизок процент се изјаснуваат за категоријата „подобра состојба“ наспроти 5% кои велат „полоша“ и една петтина (22%) кои се не знаат да проценат (односно се без конкретен одговор) во насока на компарација на општина Илинден со други општини.

| | **Т23.** Споредено со некоја општина слична на општина Илинден која Вие ја знаете, дали сметате дека состојбата на опшина Илинден е подобра, скоро иста или полоша | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | с Мралино | с.Марино | с.Мршевци | с.Миладиновци | с.Илинден | с.Бујковци | с.Кадино | Тотал |
| | % | % | % | % | % | % | % | % |
| Подобара | 83% | 52% | **25%** | 48% | 47% | 79% | 52% | 52% |
| Скоро иста | 13% | 22% | 49% | 31% | 43% | 21% | 36% | 32% |
| Полоша | | 10% | 5% | 15% | 5% | | | 6% |
| Одбива да одговори | | | | 4% | | | | 0% |
| Не знае | 4% | 17% | 22% | 2% | 6% | | 12% | 9% |
| Тотал | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% |

Следното прашање од овој блок прашања беше: *Дали би ја препорачале општината Илинден како добро место за живеење?*

| **Т24.** Дали би ја препорачале општината Илинден како добро место за живеење? | Фреквенција | % |
|---|---|---|
| Сигурно би ја препорачал | 179 | **50** |
| Веројатно би ја препорачал | 88 | **25** |
| Можеби би ја препорачал | 42 | 12 |
| Веројатно не би ја препорачал | 29 | 8 |
| Сигурно не би ја препорачал | 12 | 3 |
| Не знае | 9 | 2 |
| Тотал | 358 | 100% |

50% од сите испитаници изјавуваат дека „Сигурно би ја препорачале општина Илинден како добро место за “ живеење.

Три четвртини (75%) од жителите на општина Илинден би ја препорачале општина Илинден како добро место за живеење (агрегација на одговори сигурно би ја препорачале и веројатно би ја препорачале) како . Од табелата е видлово дека овој процент во сите општини е повеќекратно повисок во однос на негативниот став по ова прашање

| | **Т24.** Дали би ја препорачале општината Илинден како добро место за живеење? | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | с Мралино | с.Марино | с.Мршевци | с.Миладиновци | с.Илинден | с.Бујковци | с.Кадино | Тотал |
| | % | % | % | % | % | % | % | % |
| Би ја препорачал (сигурно да + веројатно да) | 94% | 63% | 25% | 48% | 85% | 95% | 85% | **75%** |
| Можеби би ја препорачал | | 21% | 13% | 16% | 12% | 3% | | **12%** |
| Не би ја препорачал (сигурно не + | 6% | 10% | 47% | 36% | 3% | 2% | 15% | **11%** |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| верojатно не) | | | | | | | | |
| Не знае | | 7% | 15% | | 0% | | | 2% |
| Тотал | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% |

Исклучок се испитаниците од с.Мршевки каде преовладува „негативен набој“ односно во повисок процент „Не би ја препорачале“ (47%) во однос на оние кои „Би ја препорачале“ општина Илинден.

*„Дали Вие лично сте задоволни или не сте задоволни со животот кој го живеете?“* е прашањето кое е следно поставено како последно во овој сет на прашања. Задоволството од животот зависи од многу фактори кои може да се индивидуални но и во корелација со социо-економските услови како на личен план така и пошироко во контекс на заедницата.

| **Т25**. Дали Вие лично сте задоволни или не сте задоволни со животот кој го живеете? | | Фреквенција | % |
|---|---|---|---|
| | Многу задоволен | 113 | **31** |
| | Донекаде задоволен | 183 | **51** |
| | Донекаде незадоволен | 48 | 13 |
| | Воопшто незадоволен | 14 | 4 |
| | Тотал | 358 | 100% |

Гледано како кумулатив (многу задоволен и донекаде задоволен) околу 82% од сите анкетирани се во група „задоволни“. Овој процент (кумулатив) кај испитаниците од с.Мршевци е најнизок и изнесува 50%, а кај другите населени места е многу повисок и е во опсег од 74% до 92%.

Поврзаноста (корелацијата) на „Задоволни од животот“ со „Би ја препорачал општина Илинден како добро место за живеење“ изнесува r=0.534 (ова е во класа на висока поврзаност (алоцијативност) кога се во прашање социолошки истражувања) што преведено со едноставни зборови покажува дека позадоволните од животот во повисока пропорција ја препорачуваат општина Илинден како добро место за живеење и обратно: понезадоволните од својот живот помалку ја препорачуваат општина Илинден како добро место за живеење.

| | | Дали Вие лично сте задоволен или не сте задоволен со животот кој го живеете? | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Задоволен | Незадоволен | Тотал |
| | | % од сите | % од сите | % од сите |
| Дали би ја препорачале општината Илинден како добро место за живеење? | Би ја препорачал | **70%** | 5% | 75% |
| | Можеби би ја препорачал | 7% | 4% | 12% |
| | Не би ја препорачал | **5%** | 6% | 11% |
| | Не знае | 0% | 2% | 2% |
| Тотал | | 83% | 17% | 100% |

Вкрстените податоци од овие две прашања (нивни агрегати) покажуваат дека 70% од сите испитаници се задоволни од својот живот и истовремено ја препорачуваат општина Илинден како добро место за живеење.

Наспроти нив се 5% кои се задоволни од својот живот но не би ја препорачале општина Илинден како добро место за живеење.

## 5.6. Моментална ситуација во општина Илинден и Р Македонија

На крајот на ова истражување поставивме две прашања кои компаративно би ја прикажале перцепцијата на жителите за ситуацијата во општина Илинден во споредба со ситуацијата во Р Македонија за: финансиската ситуација и вработувањето и тоа како прашања за споредба со претходната година

Прашањето гласеше: *„Како ја оценувате моменталната ситуација во општина Илинден и во Македонија во однос на претходната година. Дали е подобра, полоша или е непроменета во однос на:*

- *Финансиската ситуација*
- *Вработувањето“?*

Резултатите од овие прашања се во следнава табела

| **T38_1_3 ФИНАНСИСКАТА СИТУАЦИЈА ВО:** | | **Општина Илинден %** | **Р Македонија %** |
|---|---|---|---|
| | Подобра | **32** | **13** |
| | Не е променета | 31 | 24 |
| | Полоша | **7** | **48** |
| | Не знае | 29 | 14 |
| | Тотал | 100% | 100% |

Очигледна е разликата во перцепцијата (евалуацијата) на испитаниците во однос на финансиската ситуација во општина Илинден споредено со Р Македонија. Имено, една третина (32%) од жителите на општина Илинден сметаат дека финансиската ситуација во општината е подобрена во последната година, а наспроти тоа 17% сметаат дека финансиската ситуација во Р Македонија е подбрена во однос на минатата година. Испитаниците конзистентно се изјаснуваат за нивното мислење во однос на влошување на финансиската ситуација во општина Илинден (7%) во однос на скоро половина (48%) кои сметаат дека финансиската ситуација во Р Македонија е полоша во однос на минатата година.

Што се однесува до вториот аспект: Вработувањето, перцепцијата на жителите на општина Илинден го истакнува Илинден како општина во кое вработувањето е скоро „двојо подобрено“ во однос на перцепцијата за вработувањето во Р Македонија – во општина Илинден 33% изјавуваат дека вработувањето е подобрено во однос на минатата година наспроти 17% кои изјавуваат дека вработувањето во Р Македонија е подобрено во однос на минатата година.

| **T38_2_4 ВРАБОТУВАЊЕ ВО:** | | **Општина Илинден %** | **Р Македонија %** |
|---|---|---|---|
| | Подобра | **33** | **17** |
| | Не е променета | 31 | 30 |
| | Полоша | **14** | **36** |
| | Не знае | 22 | 17 |
| | Тотал | 100% | 100% |

Слична е конзистентноста во перцепцијата дека ситуацијата со вработувањето се влошила во однос на минатата година: за општина Илинден 14% изјавиле дека состојбата со вработувањето се влошила наспроти 36% кои сметаат дека состојбата со вработувањето

во Македонија се влошила.

Оваа компарација сумарно дава слика дека развојот/ состојбата на општина Илинден изразено преку два клучни аспекти – финасиска состојба и вработување во перцепцијата на жителите на оваа општина е многу попозитвна во однос на нивната перцепција за состојбата во Р Македонија.

Ако на оваа позитивна перцепција за состојбата на општина Илиниден во однос на состојбата во Р Македонија се додаде и позитивниот став за подобрување на животот во општината, позитивната евалуација на локалната власт и градоначалникот Жика Стојановски, остварување на одредени програми во рамките на можностите и ингеренциите на оштината, надминување на слабости, решавање на проблеми од секојдневниот живот на жителите, поддршката што ја даваат жителите за реизбор на актуелниот градоначалник, независно од политичката криза во која се наоѓа Р Македонија која силно се одразува на функционирањето на секоја општина, слободно може да се заклучи дека општина Илинден се движи во правилна насока.

Резултатите од ова истражување се една „фотографска“ снимка со цел да се детектираат и евалуараат одредени состојби во општина Илинден, како позитивности така и слабости. Резултатите сами по себе се генерална препорака и претставуваат показател за тоа дека воочените позитивности треба се одржуваат и афирмираат, а детектираниниte или евалуирани негативностите да се отстранат/ надминат/ подобрат за да општина Илинден продолжи со својот развој во позитивна насока како досега.

**БРИМА, Март 2017**